Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 23-12-2014
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 6472 | 1 | |

**И З В Е Ш Т А Ј**
**од редовниот надзор на програмскиот сервис на**
**ТРД СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје,**
**емитуван во периодот од 3 до 9 ноември 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беше почитувањето на:

- **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот).

***Констатации:***

Со мониторингот од 3 до 9 ноември 2014 година, е констатирано дека програмскиот сервис на ТРД СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје:

- Ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија и вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик - во анализирананата недела емитуваше 8 часа 37 минути и 30 секунди;
- Ја почитува обврската за процентуална распределба на емитуваната музика - 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 4 часа и 22 секунди, а забавната музика со 4 часа 37 минути и 8 секунди;
- Ги почитува одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во овој период, емитуваше вкупно 4 часа 18 минути и 6 секунди инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика, од кои 2 часа 2 минути и 29 секунди народна и 2 часа 15 минути и 37 секунди забавна музика.

***Датум на извршување на програмскиот надзор: 23.12.2014 година***